ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 13 - ОПШТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИ

## Значење на одделни изрази

### Член 1

Одделни изрази во овие Посебни услови го имаат следното значење:

1) осигурувач - АД за осигурување Зоил Македонија - Битола (во понатамошниот текст: АД за осигурување Зоил Македонија - Битола /Осигурувач);
2) договарач на осигурување - лице кое со АД за осигурување Зоил Македонија - Битола склучило договор за осигурување (во понатамошниот текст: Договарач);
3) осигуреник - е нотарот кој врши нотарски работи и чија одговорност е покриена со осигурувањето;
4) трето лице - лице кое не е субјект на договорот за осигурување, односно лице чија одговорност не е покриена со осигурувањето како ни работник кај осигуреникот;
5) полиса - исправа за договор за осигурување;
6) премија - износ што се плаќа по договорот за осигурување;
7) помошник - нотар - е лице кое има положено испит за помошник - нотар и е вработено во канцеларијата на нотарот, кој е запишан во именикот на помошници- нотари што го води Комората и ги исполнува условите што ги пропишува Законот;
8) заменик-нотар - е лице кое ги исполнува условите пропишани со Закон и води нотарска канцеларија за сметка и на товар на нотарот кого го заменува од причини предвидени со Закон;
9) нотарски стручен соработник - е лице кое положило испит за нотарски стручен соработник и е вработено во канцеларијата на нотарот, кој е запишан во именикот на нотарски стручни соработници што го води Комората и ги исполнува условите што ги пропишува Законот;
10) нотарски приправник - е лице кој е вработен или извршува волонтерски работи во нотарската канцеларија и е запишан во именикот на нотарските приправници кој го води Комората и ги исполнува условите што ги пропишува Законот;
11) нотарска комора - е правно лице кое се грижи за законито работење на нотарите, за совесно и одговорно вршење на нотарската служба, за чување на угледот и честа на нотарите, ги штити нивните права и интереси и одлучува за нивните права, обврски и одговорности, во согласност со одредбите на Законот;
Термините „нотарски исправи", „нотарски заверки",
„нотарски акти", „нотарска служба" како и другите термини кои се искористени во овие Посебни услови, а го имаат нивното значење определено во Законот за нотаријатот, се толкуваат и се дефинираат согласно одредбите на Законот за нотаријатот;
12) за подзаконски акти се сметаат долунаведените, како и нивните подоцнежни измени и дополнувања:

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

1. Правилник за поблиските услови за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија;
2. Правилник за работното време на нотарските канцеларии;
3. Нотарска тарифа;
4. Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите;
5. Правилник за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални;
6. Правилник за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивно издавање, замена, одземање и поништување;
7. Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи.

**Предмет на осигурување**

**Член 2**

(1) Предмет на осигурување согласно на овие Посебни услови е законската одговорност на нотарите за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на странките и трети лица при обавување односно вршење на нотарската служба, за времетраење на осигурувањето, а согласно Законот за нотаријатот.
(2) Осигурувањето од ставот (1) на овој член го опфаќа и осигурувањето од одговорност за преземените дејствија од страна на помошникот - нотар, заменик - нотарот, нотарскиот стручен соработник и другите вработени во нотарската канцеларија, доколку тоа е посебно договорено и платена дополнителна премија.
(3) Со ова осигурување е покриена законската одговорност на нотарот, помошникот - нотар, заменик - нотарот, нотарскиот стручен соработник и другите вработени во нотарската канцеларија согласно Законот за нотаријатот за штети кои ќе настанат и кои ќе ги пријават за времетраење на осигурувањето, а кои се настанати како последица од непредвидлив, неочекуван и непознат штетен настан во вид на пропуст или грешка од небрежност, а при вршење на нотарската служба.
(4) Со надомест на штета се опфаќаат сите странки и оштетени трети лица во време на траење на осигурувањето.
(5) Со осигурувањето не се опфаќаат штети кои се причинети со намера, измама и грубо невнимание од страна на нотарот, помошникот - нотар, заменик - нотарот, нотарскиот стручен соработник и другите вработени во нотарската канцеларија согласно Законот за нотаријатот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Извор на опасност**

**Член 3**

(1) Нотарот ја врши нотарската служба согласно на Законот, при што следните должности од кои можат да произлезат штетни настани како последица на грешка или пропуст од небрежност се:

- составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт;
- изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски;
- донесување решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози;
- потврдување на приватни исправи (солемнизација);
- издавање на потврди;
- заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод;
- примање на чување на исправи;
- на пари и на предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи;
- како и вршење на доверени работи определени со Закон.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сума на осигурување претставува горната граница на обврските на осигурувачот по еден осигурен случај.
(2) До колку настанат повеќе штети, кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат сумата на осигурување, обврската на осигурувачот е до сумата на осигурување.
(3) Најниската сума на осигурување која може да се договори изнесува 50.000,00 евра во денарска противвредност, сметано според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на издавање на полисата.
(4) Осигуреникот може да договори и повисока сума на осигурување од минималната сума на осигурување согласно Тарифата на осигурувачот, во случај кога според извештајот за остварената награда во претходната година, остварил бруто нотарска награда поголема од минималната осигурената сума. Во овој случај осигурувањето се склучува најмалку на износ во висина на остварената награда.
(5) Годишниот агрегат претсатвува максимална обврска на осигурувачот за надомест на штета за сите осигурени случаи што ќе настанат по една полиса во периодот на една осигурителна година. Годишниот агрегат е еднаков со сумата на осигурување наведена на полисата, доколку поинаку не се догоори.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Осигурен случај**

**Член 5**

(1) За осигурен случај според овие Посебни услови се смета законската одговорност на нотарот, помошникот
- нотар, заменик - нотарот, нотарскиот стручен соработник и другите вработени во нотарската канцеларија согласно Законот за нотаријатот за пропуст или грешка во вршење на нотарската служба, со што ќе предизвика штета на странките и трети лица во време на осигурувањето.
(2) Се смета дека осигурениот случај настанал оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне оштетно барање од странка или трето лице за чисто имотна штета.
(3) Осигурениот случај треба да биде иден, неизвесен и независен од исклучива волја на осигуреникот. Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејствие, односно настанало пропуштање при обавување на дејност означена во полисата, со кое е предизвикана чиста имотна штета на трето лице.

**Штети исклучени од осигурувањето**

**Член 6**

(1) Од осигурувањето се исклучуваат штети кои се предизвикани:

1. со намера, измама и грубо невнимание на лицата опфатени со осигурување;
2. од вработените лица кои не се опфатени со осигурувањето;
3. заради договорно проширување на одговорноста на осигуреникот и на случаи кои по Законот не спаѓаат во вршење на нотарска дејност;
4. заради не одржување на рокови, до колку за тоа е одговорна странката, по чие барање постапува нотар;
5. заради испуштање на рокови, дејствија или не превземени активности од нотар или (овластени лица од нотарот) кои можат да предизвикаат штета на странка или некое трето лице или заради испуштање на рокови за работи кај кои нотарот е повереник или застапник на странка;
6. во случај на застапување на странки спротивно на одредбите од Законот за нотаријатот;
7. за грешки кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или неможеле да останат непознати;
8. настанати по истек на одреден рок, односно рок од 15 дена од денот на преземање на пари или хартии од вредност, до колку предавачот е известен со препорачано писмо за предавање на парите и преземените вредности на судот на чување;
9. за трошоците за надоместување (пополнување) на списи и книги кои се исчезнати во постапка со нотарските акти по упразнување на нотарското место;
10. поради грешка во пресметка и примена на нотарската тарифа;
11. во случај на смрт на нотарот, при преместување, при привремено оддалечување од

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

вршењето на нотарската служба, привремено или трајно му е одземено правото за вршење на нотарската служба, при престанок на вршење на нотарската служба или е отсутен;
12. во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на нотарот во согласност со Законот за нотаријатот и другите позитивни законски и подзаконски акти и овие Посебни услови;
13. за смрт или телесна повреда на лица и за оштетување и исчезнување на предмети, вклучувајќи и кражба на предмети на странки или трети лица;
14. за штети на предмети и лица поради загадување на воздух, тло и вода;
15. предизвикани непосредно или посредно од воени и политички ризици, без разлика дали е објавена војна или не;
16. за штети настанати од сите други ризици кои не се опфатени со овие Посебни услови за осигурување.

**Склучување на договор за осигурување**

**Член 7**

(1) Договорот за осигурување се склучува врз основа на писмена понуда, а склучен е кога договарачите ќе потпишат полиса за осигурување, односно кога согласно Законот за нотаријатот, нотарот или Комората ќе поднесат барање за осигурување.
(2) Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.
(3) Одредбите од овој член се применуваат и кога се менува постоечкиот договор за осигурување.

**Начин за известување**

**Член 8**

(1) Сите извештаи и пријави кои договарачот на осигурување е должен да ги даде во смисла на одредбите од овие Посебни услови за осигурување задолжително се потврдуваат писмено ако се дадени усно, по телефон, телеграф или на некој друг начин.
(2) Како ден на прием на известувањето односно пријавата се смета денот кога е примено известувањето односно пријавата. Ако известувањето односно пријавата се праќа препорачано, како ден на прием се смета денот на предавање на поштата.
(3) Спогодбите кои се однесуваат на содржината на договорот важат само ако се склучени писмено.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Промена на адресата - називот (фирмата)**

**Член 9**

(1) Договарачот на осигурување е должен за промената на името или адресата односно промената на називот - фирмата и седиштето (деловните простории) да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.
(2) Ако договарачот на осигурување не го извести осигурувачот за промените од претходниот став, за известувањето да биде полноважно доволно е осигурувачот да му упатил на осигуреникот препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, деловните простории односно називот - фирмата со коишто располага и известувањето важи од денот од кој во нормални околности би важело кога не би биле промените од претходниот став.

**Територијално важење на осигурувањето**

**Член 10**

(1) Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што ќе настанат на територијата на Република Македонија.

**Почеток и престанок на осигурувањето**

**Член 11**

(1) Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурувањето.
(2) Обврската на осигурувачот престанува со истекот на 24-от час од денот кој во договорот за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.
(3) Осигурувањето може да престане поради: престанок на вршење на функција, отказ и во други случаи кога постојат законски пречки.

**Плаќање на премија**

**Член 12**

(1) Договарачот на осигурувањето, премијата за осигурување ја плаќа веднаш при склучување на договорот за осигурување, ако поинаку не е договорено.
(2) Ако е договорено плаќање на премијата на рати, договарачот ја плаќа првата рата во моментот на склучување на договорот за осигурување, најдоцна до 15 дена.
(3) Осигурувачот има право да пресмета и наплати законска казнена камата на сите износи согласно полисата и овие Посебни услови кои се доспеани, а неплатени, сметајќи од денот на паѓање во задоцнување до денот на целосна исплата.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурен случај**

**Член 13**

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетното побарување од оштетениот, доколку оштетното побарување е поднесено директно кај него.
(2) Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во документацијата со аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.
(3) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави наод од надлежен орган, кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.
(4) Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.
(5) Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.
(6) Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на шетата и е должен да ги презентира сите документи и факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.
(7) До колку осигуреникот не се придржува на обврските од овој член, самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал кон обврските.

**Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетено лице**

**Член 14**

(1) Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното лице, осигурувачот има обврска:
- заедно со осигуреникот да преземе мерки во врска со утврдувањето на факти и причини како и одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);
- да ги задоволи основните барања за надомест на штета (надомест на штета);
- да ги надомести трошоците по судската постапка (надомест на судските трошоци).

**Правна заштита**

**Член 15**

(1) Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:
- испитување и утврдување на одговорноста за штетен настан;
- давање на советодавно - консултативни ставови и насоки за постапување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(2) Доколку оштетениот води спор директно со осигуреникот, осигурувачот може да се вклучи како замешувач, да ги дава сите изјави и врши сите дејствија кои му се дозволени согласно со Закон, а се со цел да се заштити од неосновани или претерани барања за надомест на штета како и во насока на утврдување на постоење на осигуран случај или утврдување на висината на евентуалната штета. Осигуреникот се обврзува да не се спротистави на вклучување на осигурувачот како замешувач, а доколку тоа го стори, самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа.
(3) Водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот кој е должен да се придржува на упатствата на осигурувачот кога се работи за неоправдани барања со цел да може, навреме да добие соодветни напатствија и совети. Осигуреникот треба што е можно порано да го извести осигурувачот за сите предјавени или најавени барања за надомест на штета, како и поднесени тужби кои се во врска со предметот на осигурување согласно овие Посебни услови, во спротивно секое негово поинакво дејствување нема да биде основ за обесштетување, освен доколку се работи за правосилна пресуда.
(4) Осигурувачот е овластен да одбие да води спор во име на осигуреникот, ако оцени дека нема место за давање правна заштита во случај кога висината на надоместот на штетата ја надминува сумата на осигурување.
(5) Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и неговата обврска на правна заштита.

## Надомест на штета

### Член 16

(1) Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена сметано од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.
(2) До колку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утврдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета, рокот од став (1) на овој член започнува да се засметува од денот кога целокупната потребна документација ќе му биде доставена на осигурувачот.
(3) Осигурувачот учествува во надомест на штета што осигуреникот би бил должен да ја надомести врз основа на законските прописи или судска одлука и тоа најмногу до износот на висината на неговата обврска за надомест на штета.
(4) Ако осигурувачот се противи на предлогот на осигуреникот да се спогоди за барањето за надомест на штета, должен е да ги плати надоместот, каматите и трошоците и тогаш кога ја надминуваат сумата на осигурување.

## Надомест на трошоците по постапката

### Член 17

(1) Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот, со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, доколку заедно со надоместот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(2) Трошоците за кривичната постапка, како и трошоците за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.
(3) Кога ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од сите понатамошни давачки во име на надомест на штета и трошоци.

**Непосредно барање од оштетено лице**

**Член 18**

(1) Ако оштетеното лице, своето барање и тужба за надомест на штета ги упати само спрема осигурувачот, осигурувачот е должен да го извести осигуреникот и да го повика да ги презентира сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.
(2) До колку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Утврдување процена и вештачење на штета**

**Член 19**

(1) Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот, односно нивни овластени претставници.
(2) Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредна документација достапна на увид на овластениот претставник на осигурувачот, а согласно на Законот за облигациони односи и Законот за нотаријатот.
(3) До колку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорните страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и процени по пат на вештачење.
(4) Секоја од договорните страни писмено го именува својот вештак. За вештак можат да се именуваат лица кои не се во деловен однос со осигурувачот односно осигуреникот.
(5) Пред почетокот на вештачењето двата именувани вештаци бираат трет вештак како претседател.
(6) Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачењето како и постапката за вештачење ги определуваат во секој одделен случај осигуреникот и осигурувачот со писмена спогодба за вештачење.
(7) Секоја договорна страна и оштетениот ги сноси трошоците за својот вештак, а трошоците за претседателот ги сносат сите страни рамномерно.

**Враќање на премијата**

**Член 20**

(1) Со престанок на договорот за осигурување пред истекот на времето за коешто е платена премијата, осигурувачот е во обврска на барање на договарачот да го врати делот од премијата за неискористениот период на времетраењето на осигурувањето ако до тој ден не

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

се остварил осигурен случај.

## Висина на надомест на штета

## Член 21

(1) Висината на надоместот на штета не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај. Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурување, со што престанува и обврската на осигурувачот.

## Франшиза

## Член 22

(1) Франшиза претставува учество на осигуреникот во секој штетен настан.
(2) Осигуреникот учествува со задолжителна франшиза од 10% од штетата (но не помалку од 200 ЕУР), во секој штетен настан, освен доколку поинаку не се договори.
(3) Ако осигуреникот договори поголема франшиза, се намалува и премијата за осигурување во зависност од договорениот износ.

## Право на регрес

## Член 23

(1) Осигурувачот задржува право на регрес од осигуреникот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.
(2) Се смета дека штетата на трето лице му е направена намерно, ако лицата кои вршат нотарска служба штетното дејствие го направат со волја и знаење. Знаењето и волјата мораат да се однесуваат подеднакво на причината и последицата на штетното дејствие.
(3) Се смета дека штетата на трето лице му е направена од грубо невнимание тогаш, кога во вршењето на нотарска дејност, нотарот и лицето кое со него е изедначено го пропуштиле она внимание кое во својата работа би го употребил секој просечен стручњак/нотар.

## Застарување на побарувањето

## Член 24

(1) Побарувањата за надомест на штета по склучениот договор за осигурување, застаруваат во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи, сметано од денот кога настапил осигурениот случај.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Примена на Општите услови за осигурување од одговорност**

**Член 25**

(1) Составен дел на договорот за осигурување склучен според овие Посебни услови за осигурување од одговорност на нотари се Општите услови за осигурување од одговорност, а доколку нивната содржина е во спротивност со овие Посебни услови, се применува соодветната одредба од Посебните услови.

**Решавање приговори и постапка на вонсудско решавање спорови**

**Член 26**

(1) Доколку договарачот, осигуреникот или трето лице не се задоволни од првостепената одлука на АД за осигурување Зоил Македонија - Битола, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 дена до Комисијата на осигурувачот која одлучува по приговори. Приговорот може да се упати на адресата на АД за осигурување Зоил Македонија - Битола.
(2) Приговорот треба да содржи:

- име и презиме и адреса на подносителот на приговорот кој е физичко лице или на неговиот законски застапник, односно фирма, седиште и име и презиме на одговорното лице на подносителот на приговорот кој е правно лице;
- причини за приговорот и барања на подносителот на приговорот;
- докази со кои се потврдуваат наводите од приговорот кога е можно тие да се приложат, а може да содржи и исправи кои не биле разгледувани во постапката во која е донесена одлуката поради која се поднесува приговорот како и предлози за изведување докази;
- датум на поднесување на приговорот и потпис на подносителот на приговорот односно лицето кое го застапува;
- полномошно за застапување, кога приговорот е поднесен преку полномошник.

(3) Друштвото е должно во писмена форма да одговори на приговорот во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на приемот.
(4) Договарачот, осигуреникот или трето лице можат да доставаат жалба за осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
(5) Во случај на спор, договарачот, осигуреникот или трето лице ќе се обидат спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежен е стварно надлежниот суд во местото на седиштето на осигурувачот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 27**

(1) Овие Посебни услови се составен дел на полисата за осигурување одговорност на нотари.
(2) Договорот за осигурување како и сите негови дополнувања и измени се полноважни

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

само ако се склучени во писмена форма. Сите известувања и изјави кои се даваат во врска со одредбите од договорот за осигурување мора да бидат дадени во писмена форма.
(3) АД за осигурување Зоил Македонија - Битола се обврзува дека ќе ја чува приватноста на своите клиенти. Собираме само нужни, основни податоци за купувачите/корисниците со цел склучување договор за осигурување, а ги обработуваме за маркетиншки цели само доколку поседуваме соодветна согласност. Се обврзуваме да обезбедиме заштита на личните податоци на сите свои клиенти, кои ќе им ги препраќаме на надлежните органи согласно позитивните прописи. Сите податоци за клиентите се чуваат строго и достапни им се само на вработените на кои тие податоци им се нужни за вршење на работата. Сите вработени на АД за осигурување Зоил Македонија - Битола и деловните партнери се одговорни за почитување на начелото на заштита на приватноста.

**Член 28**

(1) На односите кои произлегуваат од договорот за осигурување одговорност на нотари, а не се уредени со овие Посебни услови или полисата за осигурување, се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување од одговорност, Законот за облигациони односи и останатите важечки прописи на Република Македонија.
(2) Договарачот на осигурување/осигуреникот со потписот на понудата/полисата изречно потврдува дека пред склучувањето на договорот за осигурување е писмено известен од АД за осигурување Зоил Македонија - Битола за сите податоци согласно одредбите од член 49-51 од Законот за супервизија на осигурувањето.

**Член 29**

(1) Овие Посебни услови влегуваат во сила со денот на донесување .